


***Александар Николоски***

Барањето за предвремени избори е потребно од причина што прво оваа влада има спорен легитимитет од самиот почеток, знаете дека се работи за еден збир од многу политички партии, помали и поголеми кои што ја држат оваа влада, а дополнително многу побитно од композицијата на владата е тоа што не испорачала во две клучни области, прво е животниот стандард за што се најзаинтересирани граѓаните, и второто е битката со организираниот криминал и корупција. Во двата сектори има сериозно уназадување а тоа го чувствуваат граѓаните на своја кожа и тоа е причината зошто се потребни брзи предвремени парламентарни избори, вели  Александар Николоски, потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ во вечерашното интервју во емисијата 360 Степени на телевизија Алсат М.

Николоски потенцираше дека брзи предвремени парламентарни избори се потребни час поскоро бидејќи и економската и енергетската криза се толку силни што не смее да се губи време, додавајќи дека ако зимата 2022 година е лоша, зимата 2023 година ќе биде уште полоша, бидејќи се трошат резервите на гас и електрична енергија, а неспособна

влада на СДС не знае да го организира домашното производство и затоа е потребна нова влада која ќе се спреми за 2023 година.

Зошто велиме брзи? Затоа што економската криза и енергетската криза е толку силна и толку не знаат да се снајдат што не смее да се губи време. Факт е дека оваа зима е изгубена, но исто така луѓе кои што малку разбираат знаат дека следната зима, зимата 2023 година ќе е полоша и од зимата 2022 година затоа што нема брзо да завршат воените дејствија во Украина. И ако оваа година имаше и резерви на гас, имаше начини да се произведе електрична енергија, имаше начини на снабдување на Европа со гас и електрична енергија, веќе во 2023 година тоа ќе е многу покомплицирано. Се очекува нагоре да одат цените на сите енергенси, а со неспособен тим кој што не знае да го организира домашното производство, да направи оптимизација и добро да го менаџира процесот мислам дека 2023 година ќе биде уште полоша и затоа мора изборите да се случат што побрзо, најдоцна до пролет, за да има новата влада време да се спреми за зимата 2023 година, посочи тој.

За организираниот криминал и корупција јасно им е на сите дека цвета и таму ден побрзо, час поскоро мора да се внесуваат мерки, дециден е Николоски.

На прашањето ако се одржат избори на 15 април, тогаш од први јануари 2023 година треба да има техничка влада, Николоски истакна дека со оглед на тоа што сега е месец ноември има доволно време да се завршат сите потребни процедури за најдоцна на пролет да се одржат изборите.

Точно, затоа ние велиме најдоцна на пролет и затоа ние излеговме со ова барање вчера официјално како одлука на Централниот комитет на партијата, како највисоко тело, ноември сме имаме време да се заврши целата процедура, кажа тој.